08-4784/3
19-11-2024

Врз основа на член 22 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ број 12/2019), член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, на десетата седница одржана на ден 08.11.2024 година донесе

***Одлука***

Постапката по предметот со број 08-3927/1 од 09.10.2021 година, **СЕ ЗАПИРА.**
Согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување на ДКСК по предметот со број 08-3927/1 од 09.10.2021 година.
Предметот со број 08-3927/1 од 09.10.2021 година да се архивира.
Одлуката, во деперсонализирана форма, да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК, во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

*Образложение*

Предметот број 08-3927/1 од 09.10.2021 година е оформен по сопствена иницијатива.
Државната комисија за спречување на корупцијата, од увидот во Службен весник на РСМ број 101/21 утврди дека ______________________ на ден 27.04.2021 година е именувана на функцијата член на Управниот одбор во ______________________________.

Од увидот во својата евиденција, ДКСК констатира дека ____________________ во законски предвидениот рок по именување на функцијата, не поднела анкетен до ДКСК.
ДКСК на __________________ и издаде прекршочен платен налог број 08-4874/2 од 10.05.2022 година, за прекршок по член 82 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 109 од истиот закон.

Од страна на именуваната, во законски утврдениот рок не е постапено по издадениот прекршочен платен налог, поради што ДКСК поднесе барање за поведување прекршочна постапка до Прекршочната комисија во ДКСК.
Прекршочната комисија во ДКСК, со Решение број 14-1753/3 од 08.07.2024 година, го отфрли барањето за поведување прекршочна постапка поради непостоење услови за поведување прекршочна постапка односно поради настапена застареност за поведување на прекршочна постапка .

Од наведените причини, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**Претседател,**

Татјана Димитровска

Изготвил: А.Ч. , раководител на одделение
Одобрил: С.Д. , член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk